20230380711

## АГЕНЦИЈА ЗА ХРАНА И ВЕТЕРИНАРСТВО

Врз основа на член 57 став (1) алинеја 1 од Законот за ветеринарно здравство („Службен весник на Република Македонија“ бр. 113/07, 24/11, 136/11, 123/12, 154/15 и 53/16), директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство донесе

# ГОДИШНА НАРЕДБА ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНИТЕ ВО 2023 ГОДИНА

Член 1
**Спроведување на мерки за здравствена заштита на животните**

Согласно одредбите од оваа наредба во 2023 година ќе се спроведуваат следните мерки за здравстена заштита на животните од заразни и паразитски болести:

## 1. КАТЕГОРИЈА А БОЛЕСТИ

### 1.1 Класична чума кај свињите

Активен надзор со клинички преглед на одгледувалишта на свињи и земање на примероци за докажување на отсуство на циркулација на вирусот на класична чума кај домашните и дивите свињи, ќе се спроведува согласно Одлуката за надзор на класична чума кај свињите донесена од страна на директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство (во понатамошниот текст: Агенцијата). Со активниот надзор ќе бидат опфатени сите категории на одгледувалишта на свињи во периодот од 22 февруари до 1 декември 2023 година. Податоците за земените примероци и извршениот клинички преглед на одгледувалиште треба да се внесат во Информативниот систем на Агенцијата за храна и ветеринарство (во понатамошниот текст: ИСАХВ) во рок од два работни дена.

Со цел рано откривање на класична чума кај свињите, одгледувачите на свињи и други лица (превозници, ловци, полиција, лица одговорни или вработени во собирни центри, добиточни пазари, како и работници во кланиците) кои се во непосреден контакт со домашни и диви свињи, треба да ги пријават до официјалниот ветеринар и/или надлежното ветеринарно друштво сите случаи на присуство на клинички знаци на болеста или зголемена смртност (морталитет). Одгледувачите на свињи треба да водат и редовно (за секоја промена) да го ажурираат регистарот на одгледувалиште на свињи кој е даден во Прилог 2 од Правилникот за идентификација и регистрација на животни од видот свињи (*). Одгледувачите со повеќе од 51 маторица и/или 1001 свиња за тов, овие податоци треба да ги водат за секоја производна единица односно категорија на свињи поединечно и за тоа да ја известуваат Агенцијата на крајот на секоја работна недела.

Трошоците за клиничкиот преглед на одгледувалиште, земањето, испраќањето и дијагностичкото испитување на примероци се на товар на Програмата за користење на средства за здравствена заштита на животните за 2023 година.

### 1.2 Африканска чума кај свињите

Имајќи во предвид дека во 2022 година е потврдена болеста африканска чума кај свињите, во текот на 2023 година на целата територија на Република Северна Македонија ќе се спроведуваат мерки за пасивен надзор односно докажување на отсуство/присуство

на причинителот на болеста. Во случај на појава на нови жаришта на болеста треба да се земат примероци за лабораториско испитување од рестриктивните зони. Одгледувачите на свињи и други лица (превозници, ловци, полиција, лица одговорни или вработени во собирни центри, добиточни пазари, како и работници во кланиците) кои се во непосреден контакт со домашни и диви свињи, треба да ги пријават до официјалниот ветеринар и/или надлежното ветеринарно друштво сите случаи на присуство на клинички знаци на болеста или зголемена смртност (морталитет). Одгледувачите на свињи треба да водат и редовно (за секоја промена) да го ажурираат регистарот на одгледувалиште на свињи кој е даден во Прилог 2 од Правилникот за идентификација и регистрација на животни од видот свињи (*). Одгледувачите со повеќе од 51 маторица и/или 1001 свиња за тов, овие податоци треба да ги водат за секоја производна единица, односно категорија на свињи поединечно и за тоа да ја известуваат Агенцијата на крајот на секоја работна недела.

Во текот на 2023 година ќе се спроведува и надзор со клинички преглед на одгледувалиште и во случај на сомнеж се земаат примероци за дијагностичко испитување за утврдување на присуство/отсуство на вирусот на африканска чума кај свињите кај домашните свињи. За потребите на надзорот треба да се земаат и испитуваат примероци од угинати свињи на одгледувалиштата. Надзорот ќе се врши на сите категории на одгледувалишта на свињи во период од 22 февруари до 1 декември 2023 година. Надзорот кај дивите свињи ќе се врши согласно Одлуката за надзор на африканска чума кај свињите донесена од страна на директорот на Агенцијата.

Трошоците за земање, испраќање и дијагностичко испитување на примероци од трупови на угинати свињи од одгледувалиштата кои на денот на пописот во тековната година имаат повеќе од 51 маторица и/или 1001 свиња за тов се на товар на одгледувачите. Податоците за извршениот клинички преглед на одгледувалиште треба да се внесат во ИСАХВ во рок од два работни дена.

Трошоците за клиничкиот преглед на одгледувалиште, земањето, испраќањето и дијагностичкото испитување на примероци од трупови на угинати свињи од одгледувалиштата кои на денот на пописот во тековната година имаат до 50 маторици и/или 1000 свињи за тов се на товар на Програмата за користење на средства за здравствена заштита на животните за 2023 година.

Ловечките друштва, концесионерите на ловиштата и Националните паркови треба да ја пријават секоја најдена угината или застрелана дива свиња. За секоја пријава на угината дива свиња пријавена од физичко или правно лице (ловечки друштва, концесионери на ловишта, собирачи на шумски плодови и др. лица кои се движат низ шумите) Агенцијата врши исплата на надомест согласно Одлуката за висината на надоместоците за спроведување на активности од јавен интерес од областа на здравствената заштита на животните.

**1.3 Класична чума кај живината (Авијарна инфлуенца кај живината)**

Во текот на 2023 година заради утврдување на присуство на вирусот на ниско и високо патогена авијарна инфлуенца кај живината и дивите птици треба да се спроведе серолошки активен надзор. Надзорот треба да се спроведува кај сите категории на живина одгледувана интензивно (комерцијално) и екстензивно (некомерцијално), птици чувани во заробеништво (птици различни од живина кои се чуваат во кафези или друг затворен простор), како и кај дивите птици согласно Програмата за надзор на авијарна инфлуенца кај живината и дивите птици (*) и Правилникот за мерки за сузбивање и искоренување на авијарна инфлуенца (*).

Активностите од ставот 1 на оваа потточка се спроведуваат во текот на целата година.

Земањето примероци и дијагностичките испитувања во целост се на товар на Програмата за користење на средства за здравствена заштита на животните за 2023 година. Податоците за земените примероци треба да се внесат во ИСАХВ во рок од два работни дена.

## 1.4 Њукастелска болест

Во текот на 2023 година на територијата на Република Северна Македонија живината во комерцијални одгледувалишта треба да се вакцинира против њукастелската болест согласно планот за вакцинација, два пати годишно, со вакцина согласно Прилог 5 од Правилникот за условите за ставање во промет на живина и јајца за ведење (*). Вакцинацијата ја вршат овластените ветеринарни друштва, согласно упатството од производителот на вакцината и Правилникот за мерки за сузбивање и искоренување на Њукастелска болест (*).Податоците за извшената вакцинација треба да се внесат во ИСАХВ во рок од два работни дена. Во комерцијалните јата на кокошки несилки и родителските јата вакцинацијата против њукастелска болест треба да се изврши во периодот од првата до 20 недела, а во зависност од епидемиолошката состојба и во периодот на несење.

Кај бројлерските јата вакцинацијата против њукастелска болест треба да се изврши најмалку еднаш во турнус до седум дена, а во зависност од епидемиолошката состојба и два пати во турнус. Трошоците за вакцинација на живината во комерцијалните јата, јатата на кокошки несилки, родителските и бројлерските јата се на товар на сопствениците.

Во случај на потврда на болеста, ќе се применат мерките пропишани во Правилникот за мерки за сузбивање и искоренување на Њукастелска болест (*). За живината која е убиена и нештетно отстранета заради сузбивање на њукастелската болест, на одгледувачот на живината, согласно член 49 став (3) од Законот за ветеринарно здравство, му се исплаќа надомест на штета. Доколку живината не била вакцинирана, од неоправдани причини нема да биде исплатен надомест на штета.

Со цел проверка на имунитетот кај сите категории на вакцинирана живина одгледувана интензивно (комерцијално), во текот на 2023 година треба да се спроведе надзор со дијагностичко испитување. Во некомерцијалните (екстензивни) одгледувалишта на живина ќе се спроведува активен и пасивен надзор за утврдување на присуство/отсуство на болеста. Селекцијата на одгледувалиштата кои ќе бидат опфатени со надзорот, бројот на примероци за дијагностичко испитување и временските рокови за спроведување на надзорот ќе се утврдат согласно член 20 став (1) алинеја 5 од Законот за безбедност на храната.

Трошоците за земање, испраќање и дијагностичко испитување на примероци за њукастелска болест се на товар на Програмата за користење на средства за здравствена заштита на животните за 2023 година. Податоците за извршените активности треба да се внесат во ИСАХВ во рок од два работни дена.

## 1.5 Надзор на болест кај диви птици

Ловечките друштва, концесионерите на ловиштата и Националните паркови треба да ја пријават секоја најдена угината дива птица до надлежниот официјален ветеринар кој ќе земе примероци за лабораториско испитување.

## 1.6 Болест на чвореста кожа

Во текот на 2023 година на целата територија на Република Северна Македонија не треба да се спроведува превентивна вакцинација на говедата против болеста на чвореста кожа.

Активниот и пасивниот надзор кој вклучува клинички преглед на одгледувалиште и земање на примероци за серолошко/вирусолошко испитување на популацијата на говеда базирано врз проценка на ризик заради реобновување на статусот на земја слободна од болест на чвореста кожа кај говедата ќе се спроведува во текот на целата година.

Селекцијата на одгледувалиштата кои ќе бидат опфатени со надзорот, начинот на спроведување и бројот на примероци за дијагностичко испитување ќе се утврдат согласно член 20 став (1) алинеја 5 од Законот за безбедност на храната. Податоците за земените примероци и извршениот клинички преглед на одгледувалиште треба да се внесат во ИСАХВ во рок од два работни дена. Активностите од оваа потточка се спроведуваат во период од 22 февруари до 30 ноември 2023 година.

Трошоците за клинички преглед на одгледувалиште, земање, испраќање и дијагностичко испитување на примероците се на товар на Програмата за користење на средства за здравствена заштита на животните за 2023 година.

### 1.7 Спроведување на скрининг на Категорија А болестите

Во текот на 2023 година заради утврдување на присуство или отсуство на причинителите, како и стекнат имунитет на одредени особено опасни болести кај животните согласно член 49 став (2) точка а) од Законот за ветеринарно здравство, Агенцијата ќе спроведе скрининг и дијагностичко испитување на следните болести:

- лигавка и шап,
- чума кај мали преживари кај домашни и диви животни и
- сипаници кај мали преживари кај домашни и диви животни.

Превентивна вакцинација против лигавка и шап, чума кај мали преживари и сипаници кај мали преживари кај домашни и диви животни, не треба да се спроведува на целата територија на Република Северна Македонија, туку само во одредени региони во државата во случај на појава на болеста и тоа само со одобрување од директорот на Агенцијата како мерка за контрола на болеста и тоа како итна, заштитна или супресивна вакцинација.

Скринингот ќе се спроведе со земање и дијагностичко испитување на статистички валиден примерок од примероците земени во рамките на програмите за контрола, сузбивање и искоренување и одлуките за надзор на болести кај животните.

Трошоците за спроведување на активностите од ставовите 1 и 2 од оваа потточка се целосно на товар на Програмата за користење на средства за здравствена заштита на животните во 2023 година. Податоците за извршените активности треба да се внесат во ИСАХВ во рок од два работни дена.

## 2. КАТЕГОРИЈА В БОЛЕСТИ

### 2.1 Бруцелоза кај овците и козите

Во текот на 2023 година мерките за надзор, контрола и искоренување на бруцелоза кај овци и кози треба да се вршат согласно Програмата за сузбивање и искоренување на бруцелоза кај овците и козите, со серолошко испитување на сите животни постари од шест месеци, освен на животни кои претходната година биле вакцинирани, а се помлади од 18 месеци.

Позитивните овци и кози на бруцелоза по добивањето на резултатот, треба да бидат заклани или еутаназирани и нештетно отстранети. На одгледувачот на животните, согласно член 49 став (3) од Законот за ветеринарно здравство, за одземените грла му се исплаќа надомест на штета. Останатите животни од одгледувалиштето кое е под службен

надзор, односно рестриктивни мерки, можат да се движат само директно во кланица, придружени со сертификат за здравствена состојба на животните издаден од наделжното ветеринарно друштво и решение од официјален ветеринар.

Вадењето крвни проби ќе се врши со вакумтајнери. Пакувањето и транспортот на примероците ќе се врши на начин како што се постапува со инфективен материјал.

За крвните проби кои се несоодветни за дијагностичко испитување Агенцијата нема да исплати надомест. Од овие животни треба повторно да се извади крв за дијагностичко испитување за што треба да се извести надлежниот официјален ветеринар. Лабораторијата за дијагностичко испитување треба да чува по 500 примероци од секој регион најмалку една година од датумот на издавање на резултатот. Селекцијата на примероци од крв кои ќе се чуваат се врши по случаен избор, со што се обезбедува статистички валиден примерок.

Вакцинација на овци и кози против болеста бруцелоза ќе се врши на сите овци и кози на возраст од три до шест месеци во населените места  дадени во Прилог 5 кој е составен дел на оваа наредба.

Активностите од оваа потточка ќе се спроведат во период од 22 февруари до 1 декември 2023 година, додека ретестирање во позитивните и сомнителните одгледувалишта ќе се врши во текот на целата година.

Вакцинацијата, земањето на проби и лабораториските испитувања во целост се на товар на Програмата за користење на средства за здравствена заштита на животните во 2023 година. Податоците за извршените активности треба да се внесат во ИСАХВ во рок од два работни дена. Надлежното ветеринарно друштво треба да изврши ажурирање на бројната состојба на животните и да ги внесе податоците во ИСАХВ во рок од два работни дена. Доколку ветеринарното друштво не изврши ажурирање на бројната состојба на животните Агенцијата нема да му исплати надомест за извршените активности.

**2.2 Бруцелоза кај говедата**

Во текот на  2023 година мерките за надзор, контрола и искоренување на бруцелоза кај говедата треба да се вршат согласно Програмата за сузбивање и искоренување на бруцелоза кај говедата.

Вадењето крвни проби ќе се врши со вакумтајнери. Пакувањето и транспортот на примероците ќе се врши на начин како што се постапува со инфективен материјал. За крвните проби кои се несоодветни за дијагностичко испитување Агенцијата нема да исплати надомест. Од овие животни треба повторно да се извади крв за дијагностичко испитување за што треба да се извести надлежниот официјален ветеринар.

На одгледувачот на животните, согласно член 49 став (3) од Законот за ветеринарно здравство, во случај на потврда на болест за одземените животни му се обезбедува надомест на штета. Останатите животни од одгледувалиштето кое е под службен надзор, односно рестриктивни мерки, можат да се движат само директно во кланица, придружени со сертификат за здравствена состојба на животните издаден од наделжното ветеринарно друштво и решение од официјален ветеринар.

Лабораторијата за дијагностичко испитување треба да чува по 500 примероци од секој регион најмалку една година сметајќи од датумот на издавање на резултатот.  Селекцијата на крвни проби се врши по случаен избор, со што се обезбедува статистички валиден примерок.

При спроведувањето на активностите од оваа потточка, надлежното ветеринарно друштво треба да изврши ажурирање на бројната состојба на животните и да ги внесе податоците во рок од два работни дена во ИСАХВ. Доколку ветеринарното друштво не изврши ажурирање на бројната состојба на животните Агенцијата нема да му исплати надомест за извршените активности.

Земањето на крвни проби и лабораториските испитувања во целост се на товар на Програмата за користење на средства за здравствена заштита на животните во 2023 година. Податоците за земените примероци треба да се внесат во ИСАХВ во рок од два работни дена.

Активностите од оваа потточка се спроведуваат во период од 22 февруари до 1 декември 2023 година, додека ретестирање на позитивните и сомнителните одгледувалишта ќе се врши во текот на целата година.

**2.3 Бруцелоза кај дивите свињи**

Сите застрелани диви свињи, треба да се испитаат на присуство на бруцелоза, при што е потребно да се испратат примероци на крв за лабораториско испитување од страна на ловечките друштва, концесионерите на ловиштата и Националните паркови до лабораторијата од членот 8 од оваа наредба. Трошоците за лабораториското испитување во целост се на товар на Програмата за користење на средствата за здравствена заштита на животните во 2023 година.

**2.4 Туберкулоза**

Во текот на 2023 година мерките за надзор, контрола и искоренување на туберкулоза кај говедата треба да се вршат согласно Програмата за сузбивање и искоренување на туберкулозата кај говедата.

На одгледувачот на животните, согласно член 49 став (3) од Законот за ветеринарно здравство, за одземените позитивни грла му се исплаќа надомест на штета. Останатите животни од одгледувалиштето кое е под службен надзор, односно рестриктивни мерки, можат да се движат само директно во кланица, придружени со сертификат за здравствена состојба на животните издаден од наделжното ветеринарно друштво и решение од официјален ветеринар.

Трошоците за туберкулинизацијата со единечен интракутан тест се на товар на Програмата за користење на средства за здравствена заштита за 2023 година во висина од 50% од вкупната цена согласно Одлуката за висината на надоместоците за спроведување на активности од јавен интерес од областа на здравствена заштита на животните, а останатите 50% се на товар на одгледувачот на животните. Податоците за земените примероци треба да се внесат во ИСАХВ во рок од два работни дена.

Спроведувањето на компаративен интракутан туберкулински тест, земањето на примероци и други лабораториските испитувања во целост се на товар на Програмата за користење на средства за здравствена заштита на животните во 2023 година.

При спроведувањето на активностите од оваа потточка, надлежното ветеринарно друштво треба да изврши ажурирање на бројната состојба на животните и да ги внесе податоците во рок од два работни дена во ИСАХВ. Доколку ветеринарното друштво не изврши ажурирање на бројната состојба на животните Агенцијата нема да му исплати надомест за извршените активности.

Активностите од оваа потточка се спроведуваат во период од 22 февруари до 1 декември 2023 година, додека ретестирањата на позитивните и сомнителните одгледувалишта ќе се вршат во текот на целата година.

Со цел обезбедување на контрола на квалитетот на спроведената туберкулинизација по случаен избор по региони ќе се спроведе постапка за верификација на утврдената преваленца на болеста туберкулоза кај говедата.

Во регионите, општините и населените места од Прилог 6 кој е составен дел на оваа наредба, животните кои реагирале позитивно или сомнително на единечен интракутан туберкулински тест ќе се прогласат за позитивни.

## 2.5 Беснило

### 2.5.1 Беснило кај диви животни

Во текот на 2023 година мерките за следење и контрола на беснило кај дивите животни треба да се спроведуваат во согласност со Правилникот за начинот и постапката за пријавување на беснило кај домашни и диви животни и мерките кои треба да се преземат за сузбивање и искоренување на беснилото (*).

Сите пронајдени угинати животни или усмртени од возила: лисици, волци, мечки, шакали, јазовци, куни и други диви месојади, како и животните сомнителни на беснило (кои покажуваат клинички знаци на болеста), треба веднаш да се пријават до најблиското ветеринарно друштво или до официјалниот ветеринар, кои треба да земат примероци за лабораториско испитување.

За секоја успешна пријава (пријавата се смета за успешна доколку е земен примерок за лабораториско испитување) на угинато животно Агенцијата исплаќа надомест. Примероци не треба да се земаат од угинати животни во фаза на распаѓање, како и од трупови неупотребливи за дијагностичко испитување (уништени од моторни возила, изедени од други животни и сл.).

Земањето на примероци од застрелани диви животни, бројот на примероци за дијагностичко испитување за спроведување на надзор, како и видот на животните ќе се утврдат согласно член 20 став (1) алинеја 5 од Законот за безбедност на храната. Трошоците за спроведување на активностите се во целост на товар на Програмата за користење на средства за здравствена заштита на животните во 2023 година.

### 2.5.2 Беснило кај домашни миленици и бездомни кучиња

Во текот на 2023 година мерките за следење и контрола на беснило кај домашни миленици и бездомни кучиња треба да се спроведуваат во согласност со Правилникот за начинот и постапката за пријавување на беснило кај домашни и диви животни и мерките кои треба да се преземат за сузбивање и искоренување на беснилото.

Сите домашни миленици (кучиња и мачки) и бездомните животни кои се привремено задржани во прифатилиштата треба да се вакцинираат против беснило на целата територија на Република Северна Македонија. Вакцинацијата против беснило се врши само доколку животните се идентификувани со микрочип согласно Правилникот за идентификација и регистрација на домашните миленици.

Пред вакцинацијата против беснило, животните треба да се дехелментизираат со средство кое согласно упатството на производителот, делува против причинителот на ехинококозата.

Трошоците за идентификација и регистрација, третманот против екто и едно паразити и вакцинацијата против беснило кај бездомните кучиња се на товар на општините, општините во град Скопје и градот Скопје.

Трошоците за идентификација и регистрација, третманот против екто и едно паразити и вакцинацијата против беснило на домашни миленици во целост се на товар на сопствениците на животните, согласно Одлуката за висината на надоместоците за спроведување на активности од јавен интерес од областа на здравствена заштита на животните.

Ветеринарните друштва треба да ги внесат податоците за извршената идентификација, вакцинација и дехелминтизација на домашните миленици  во ИСАХВ, во рок од два работни дена.

Надлежните ветеринарни друштва треба да го известат официјалниот ветеринар доколку сопствениците не ги вакцинирале своите домашни миленици.

Трошоците за земање, испраќање и лабораториско испитување на примероци од домашни миленици и бездомни кучиња, како и надоместот за пријава на угинато животно се на товар на Програмата за користење на средства за здравствена заштита на животните во 2023 година.

## 3. КАТЕГОРИЈА С БОЛЕСТИ

### 3.1 Син јазик

Во текот на 2023 година треба да се спроведува активен надзор на болеста син јазик.

Надзорот ќе се спроведе со земање и дијагностичко испитување на статистички валиден примерок од примероците земени во рамките на програмите за контрола, сузбивање и искоренување и одлуките за надзор на болести кај животните.

Спроведувањето на надзорот, како и примената на останатите превентивни мерки ќе се утврдат согласно член 20 став (1) алинеја 5 од Законот за безбедност на храната. Податоците за надзорот, земањето и дијагностичкото испитување треба да се внесат во ИСАХВ во рок од два работни дена.

Трошоците за дијагностичко испитување на болеста син јазик во целост се на товар на Програмата за користење на средства за здравствена заштита на животните за 2023 година.

### 3.2 Леукоза кај говедата

Во текот на 2023 година ќе се спроведува активен надзор на леукоза кај говедата. Со активен надзор ќе се врши лабораториско испитување на примероци од крвен серум, кои се земени за испитување на бруцелоза кај говедата. Од секој регион треба да се испитаат по 500 примероци, селектирани по случаен избор. За спроведување на оваа активност ќе бидат искористени примероци кои се земени во рамките на Програмата за сузбивање и искоренување на бруцелозата кај говедата исклучиво од говеда постари од 24 месеци. Оваа активност се спроведува во период од 22 февруари до 1 декември 2023 година.

Позитивните говеда на леукоза по добивањето на резултатот, треба да бидат заклани или еутаназирани и нештетно отстранети. Останатите животни од одгледувалиштето кое е под службен надзор, односно рестриктивни мерки, можат да се движат само директно во кланица, придружени со сертификат за здравствена состојба на животните издаден од наделжното ветеринарно друштво и решение од официјален ветеринар.

На одгледувачот на животните, согласно член 49 став (3) од Законот за ветеринарно здравство, во случај на потврда на болест за одземените животни му се исплаќа надомест на штета.

Лабораториските испитувања во целост се на товар на Програмата за користење на средства за здравствена заштита на животните во 2023 година. Податоците за земените примероци треба да се внесат во ИСАХВ во рок од два работни дена.

### 3.3 Ехинококоза

Во текот на 2023 година треба да се врши третман на кучињата против ехинококоза пред спроведување на вакцинација против болеста беснило со одобрени препарати за таа намена. Третманот се врши најмалку четири пати годишно, односно на секои три месеци во согласност со упатството на производителот.

Во текот на 2023 година треба да се спроведува активен надзор на овчарските кучиња на ехинококоза. Селекцијата на одгледувалиштата кои ќе бидат опфатени со надзорот, начинот на спроведување и бројот на примероци за дијагностичко испитување ќе се утврдат согласно член 20 став (1) алинеја 5 од Законот за безбедност на храната.

Во случај на наод на патонатаомски промени на линија на колење или објект за обработка на дивеч кои укажуваат на ехинококоза, официјалниот ветеринар треба да достави примероци од органите на кои се утврдени промените (бел дроб, црн дроб и други). Примероци се земаат од секое животно и се доставуваат до лабораторијата од членот 8 од оваа наредба.

Доколку при колењето за домашна употреба или обработка на дивеч за сопствени потреби се забележат промени на органите кои упатуваат на ехинококоза, одгледувачите и ловџиите треба да го известат надлежниот официјален ветеринар кој треба да земе и испрати примероци за лабораториско испитување до лабораторијата од членот 8 од оваа наредба.

Со цел следење на рашireноста на ехонококозата (Echinococcus granulosus и Echinococcus multilocularis) во популацијата на диви каниди, ловечките друштва, концесионерите на ловиштата, Националните паркови и Јавното претпријатие за државни патишта треба да ги пријават сите пронајдени угинати или заловени диви каниди. Ловечките друштва, концесионерите на ловиштата и Националните паркови треба да испратат материјал за испитување (цел леш), преку надлежните ветеринарни друштва до лабораторијата од членот 8 од оваа наредба.

Трошоците за земањето и лабораториското испитување на примероците во целост се на товар на Програмата за користење на средства за здравствена заштита на животните во 2023 година.

### 3.4 Аујецки

Во текот на 2023 година ќе се спроведува скрининг за докажување на отсуство на вирусот на болеста Аујецки кај домашните и дивите свињи, како и утврдување на антитела во приемчивата популација. Активниот надзор ќе се спроведува на сите категории одгледувалишта на свињи во период од 22 февруари до 1 декември 2023 година. Скринингот ќе се спроведува од страна на ветеринарните друштва и лабораторијата од членот 8 од оваа наредба на начин утврден согласно член 20 став (1) алинеја 5 од Законот за безбедност на храната. Податоците за земените примероци и извршениот клинички преглед на одгледувалиште треба да се внесат во ИСАХВ во рок од два работни дена.

## 4. КАТЕГОРИЈА D БОЛЕСТИ

### 4.1 Антракс

Во текот на 2023 година во населените места дадени во Прилог 1 кој е составен дел од оваа наредба, треба да се изврши превентивна вакцинација на овците, козите, говедата, копитарите и свињите против антракс, согласно упатството на производителот на вакцината, најдоцна до 31 мај.

Сертификат за здравствена состојба за животните се издава само доколку животните се вакцинирани, најмалку две недели пред движењето во дистриктите дадени во Прилог 1 од оваа наредба. Нововнесените животни, како и подмладокот што ќе се обнови, треба да се вакцинира согласно упатството на производителот на вакцината.

Трошоците за вакцинацијата против антраксот во целост се на товар на Програмата за користење на средства за здравствена заштита на животните за 2023 година.

### 4.2 Инфективна анемија кај копитарите (ИАК)

Во текот на 2023 година треба да се спроведе надзор на болеста инфективна анемија кај копитарите.

Селекцијата на одгледувалиштата кои ќе бидат опфатени со надзорот, бројот на примероци за дијагностичко испитување и временските рокови за спроведување на надзорот ќе се утврдат согласно член 20 став (1) алинеја 5 од Законот за безбедност на храната.

Сертификат за здравствена состојба за копитарите се издава само доколку копитарите ги исполнуваат следните барања:

- животните не треба да покажуваат клинички знаци на ИАК 48 часа пред движењето,
- да нема ниту еден потврден случај на ИАК во одгледувалиштата или други објекти каде животните престојувале и
- животните треба да бидат тестирани на ИАК со негативен резултат.

Лабораторискиот резултат е валиден 30 дена од издавањето. По овој период за издавање на нов здравствен сертификат животните треба повторно да се тестираат.

За копитарите кои се одземени и нештетно отстранети заради сузбивање на ИАК, на одгледувачот на животните, согласно член 49 став (3) од Законот за ветеринарно здравство, му се исплаќа надомест на штета.

Податоците за земените примероци треба да се внесат во ИСАХВ во рок од два работни дена.

Трошоците за земање на примероци и дијагностичко испитување на ИАК при движење на животните, во целост се на товар на сопственикот на животното.

Трошоците за спроведување на надзорот во целост се на товар на Програмата за користење на средства за здравствена заштита на животните за 2023 година.

### 4.3 Американски трулеж на пчелно семејство, варооза, ноземоза и болеста Aethina tumida (мал молец на кошница)

Во текот на 2023 година во случај на сомнеж на американски трулеж на пчелно семејство, варооза, ноземоза и болести Aethina tumida (мал молец на кошница) надлежно ветеринарно друштво треба да изврши клинички преглед на сите пчелни семејства во пчеларникот во присуство на официјален ветеринар. Од сите сомнителни пчелни семејства се земаат примероци и се испраќаат на лабораториско испитување. На одгледувачот на пчели, при сузбивањето на болеста американски трулеж на пчелното семејство, му се обезбедува надомест на штета, согласно член 49 став (3) од Законот за ветеринарно здравство.

Во периодот од 15 мај до 15 јуни 2023 година, во зависност од временските услови (отсуство на врнежи и температура над 150С) ќе се спроведува клинички преглед на пчелни семејства. Трошоците за клинички преглед на пчелните семејства во висина утврдена согласно Одлуката за висината на надоместоците за спроведување на активности од јавен интерес од областа на здравствена заштита на животните се на товар на одгледувачот на пчеларникот. Бројот на пчелни семејства од секое одгледувалиште кои ќе бидат предмет на клинички преглед ќе се утврди согласно член 20 став (1) алинеја 5 од Законот за безбедност на храната.

Трошоците за земање, пакување, испраќање и лабораториското испитување на примероците во целост се на товар на Програмата за користење на средства за здравствена заштита на животните во 2023 година. Податоците за земените примероци треба да се внесат во ИСАХВ во рок од два работни дена од земање на примероците.

## 5. КАТЕГОРИЈА Е БОЛЕСТИ

### 5.1 Западно нилска треска кај живина и копитари

Во текот на 2023 година со цел утврдување на епидемиолошката состојба на западно нилска треска кај живината и копитарите треба да се спроведе надзор со дијагностичко испитување.

Дијагностичкото испитување на примероците се врши на начин утврден согласно член 20 став (1) алинеја 5 од Законот за безбедност на храната. Примероците земени во рамките на спроведување на надзорот за авијарна инфлуенца ќе се искористат за испитување на западно нилска треска кај живина и копитари.

Надзорот се спроведува во период од 22 февруари до 1 декември 2023 година.

Во зависност од епидемиолошката состојба ќе се спроведе и мониторинг на комарци-вектори за присуство на вирусот на западно нилска треска. Мониторингот ќе вклучува утврдување на присуство на вирусот во векторите. Поставувањето на мамките ќе се спроведува два пати месечно, на секои 14 дена во период од јуни до септември.

Податоците за извршените активности треба да се внесат во ИСАХВ во рок од два работни дена.

Трошоците за дијагностичко испитување на западно нилска треска кај живина и копитари и за мониторинг на комарци-вектори се на товар на Програмата за користење на средства за здравствена заштита на животните за 2023 година.

## 6. ДРУГИ ЗАРАЗНИ И ПАРАЗИТСКИ БОЛЕСТИ КАЈ ЖИВОТНИТЕ

### 6.1 Трансмисивни спонгиоформни енцефалопатии (Скрепи) и Бовина спонгиоформна енцефалопатија (БСЕ)

Во текот на 2023 година од секое пријавено угинато животно на фарма или при транспорт независно од причината за смрт, од видот овци и кози кои се постари од 18 месеци, надлежното ветеринарно друштво/официјалниот ветеринар треба да земе примерок од мозок за испитување на скрепи.

Од секое пријавено угинато, принудно заклано говедо, како и од говеда кои покажуваат клинички знаци на болеста кои се постари од 30 месеци, надлежното ветеринарно друштво/официјалниот ветеринар треба да земе примерок од мозок за испитување на БСЕ.

Мерките за контролата на трансмисивните спонгиоформни енцефалопатии кај говедата, овците и козите упатени на колење, се спроведуваат при нивно колење во кланиците, во согласност со Правилникот за мерки за сузбивање и искоренување на трансмисивни спонгиоформни енцефалопатии (*).

Во кланиците на линија на колење се земаат мостри од мозок од:

- сите здрави говеда при редовно колење кои се постари од 30 месеци и сите говеда постари од 24 месеци кои се заклани од нужда или кај кои при ante-mortem прегледот се забележани клинички знаци кои укажуваат на сомнеж на трансмисивни спонгиоформни енцефалопатии и
- 5% од сите заклани овци и кози постари од 18 месеци или кои имаат повеќе од два трајни секачи избиени низ непцето.

Земањето мостри за лабораториски испитувања го спроведува Агенцијата преку официјалните ветеринари.

Говедата, овците и козите кои се нештетно отстранети во рамките на програмите за сузбивање и искоренување на заразни болести не се испитуваат на трансмисивни спонгиоформни енцефалопатии.

Трошоците за лабораториските испитувања во целост се на товар на Програмата за користење на средства за здравствена заштита на животните во 2023 година. Трошоците за земањето мостри и лабораториските испитувања согласно став 4 на оваа потточка за животни наменети за колење увезени во Република Северна Македонија согласно член 91 од Законот за ветеринарно здравство, се на товар на операторите со храна од животинско потекло.

Податоците за земените примероци треба да се внесат во ИСАХВ во рок од два работни дена.

**6.2 Салмонела (предизвикана од соеви на Salmonella spp согласно Националниот план за контрола на салмонела кај живината)**

Во текот на 2023 година мерките за надзор, контрола и искоренување на салмонела кај кокошки несилки, матични јата, бројлери и инкубаторски станици ќе се вршат согласно Правилникот за начинот на вршење на официјални контроли на салмонела и други одредени алиментарни интоксикации (*) и Националниот контролен план за намалување на присуство на салмонелата кај кокошки несилки, матични јата, бројлери и инкубаторски станици во Република Северна Македонија.

Трошоците за испитување на салмонела се на товар на одгледувачот со исклучок на официјалните примероци земени од официјален ветеринар кои се на товар на Програмата за користење на средства за здравствена заштита на животните во 2023 година.

**6.3 Лајшманиоза**

Во текот на 2023 година сите кучиња треба да се испитаат на болеста лајшманиоза.

Испитувањето на лајшманиоза може да го вршат ветеринарните друштва со неакредитрани методи, но во случај на позитивен резултат потребно е да се направи повторно испитување во лабораторија за потврда на болеста со акредитиран метод. Во случај на позитивен резултат надлежното ветеринарно друштво треба да го информира сопственикот за ризиците и последиците од чување на куче заболено од лајшманиоза. Во случај на сомнителен резултат со акредитиран метод, потребно е кучето повторно да се тестира со молекуларен метод или да се следи и повторно да се тестира по три месеци. Сопственикот на кучето треба да потпише Изјава за чување на куче кое е заболено од лајшманиоза,дадена во Прилог 8 кој е составен дел од оваа наредба. Доколку не постои можност за лечење, позитивните кучиња кои имаат сопственик треба да се еутаназираат.

Кучињата со сопственик кои се позитивни на лајшманиоза треба да се третираат против екто паразити и да се лекуваат под официјален надзор. Официјалниот надзор вклучува:

- достава на месечен извештај за спроведената терапија од надлежното ветеринарно друштво до официјалниот ветеринар и
- контрола на лице место (он- спот контрола) доколку официјален ветеринар смета дека е потребно.

Трошоците за лабораториските испитувања, лекување и еутаназија се на товар на сопствениците на кучиња.

Тестирањето на бездомните кучиња се прави пред да се извршат другите превентивни мерки (вакцинација, дехелминтизација и стерилизација). Во случај на сомнителен резултат со акредитиран метод, кучето треба повторно да се тестира со молекуларен метод. Бездомните кучиња кои се позитивни на лајшманиоза треба да се еутаназираат веднаш.

Трошоците за превентивните мерки (вакцинација, дехелминтизација, стерилизација, идентификација и регистрација и еутаназија) на бездомните кучиња во целост се на товар на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје.

При вдомување на кучињата потребно е прифатилиштата да обезбедат пасош за домашни миленици во кој ќе се наведат податоците за новиот сопственик. Бездомните кучиња кои се вдомени или вратени во реонот на заловување, треба да се идентификувани со микрочип, тестирани на лајшманиоза со негативен резултат, стерилизирани/кастрирани, да се вакцинирани против беснило и дехелминтизирани.

Бездомните кучиња кои се вдомени или вратени во реонот на заловување треба дополнително видливо да се обележат со ушна маркица во жолта боја на која е впишана ознаката на општината согласно ознаките на општините кои се дадени во Прилог 4 кој е составен дел на оваа наредба и единствен растечки број (жолта боја ќе се користи само во 2023 година).

Трошоците за дехелминтизација, земање примероци, третман, дијагностичко испитување, еутаназија и нештетното отстранување за бездомни кучиња во целост се на товар на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје.

Податоците за дехелминтизација и тестирање за присуство на лајшманиоза кај домашни миленици треба да се внесат во ИСАХВ во рок од два работни дена. Прифатилиштата односно надлежните ветеринарни друштва кои имаат договор со прифатилиштата ги внесуваат податоците во ИСАХВ во рок од два работни дена.

### 6.4 Цистицеркоза

Во текот на 2023 година доколку на линија на колење се утврдат промени карактеристични за цистицеркоза треба да се земат примероци за дијагностичко испитување. Во случај да се утврдат промени кај животните кои што потекнуваат од исто одгледувалиште треба да се земат примероци од истите.

Официјалниот ветеринар треба да земе примероци од мускулите на кои што се утврдени промените и истите да ги испрати на лабораториско испитување до лабораторијата од членот 8 од оваа наредба.

Операторите на кланици треба да водат евиденција за секој утвреден случај на цистицеркоза.

Земањето на примероци и лабораториската дијагностика во целост се на товар на Програмата за користење на средства за здравствена заштита на животните во 2023 година.

### 6.5 Трихинелоза

#### 6.5.1 Трихинелоза кај диви свињи

Во текот на 2023 година ловечките друштва, концесионерите на ловиштата и Националните паркови треба да ги пријават сите застрелани диви свињи за испитување на присуство на трихинелоза и преку надлежните ветеринарни друштва да испратат примероци (мускулен дел од дијафрагма, дел од масетер или меѓуребрена мускулатура и јазик) за лабораториско испитување до лабораторијата од членот 8 од оваа наредба.

Трошоците за лабораториското испитување се на товар на Програмата за користење на средства за здравствена заштита на животните во 2023 година.

#### 6.5.2 Трихинелоза кај домашни свињи

Во текот на 2023 година обемот на испитување на присуството на трихинелоза кај домашните свињи се врши согласно со Правилникот за посебни барања за контрола на Trichinella во месото и Повеќегодишениот контролен план за мониторинг на инфестација со Trichinella кај приемчива популација на домашни и диви животни за период од 2019 – 2023 година, донесен од директорот на Агенцијата.

Трошоците за земањето и испраќањето на примероци и лабораториско испитување се на товар на одгледувачите/операторите на кланици. Оваа активност се спроведува во текот на целата година и е под надзор на официјалниот ветеринар надлежен за кланицата.

Одгледувачот треба да го извести надлежното ветеринарно друштво најмалку 48 часа пред колењето на свињите за домашна употреба за да се изврши испитување на присуство на трихинелоза.

### 6.6 Туларемија, хеморагична болест кај зајаците и миксоматоза

Во текот на 2023 година ловечките друштва, концесионерите на ловиштата, Националните паркови и Јавното претпријатие за државни патишта треба да ги пријават сите угинати зајаци најдени на ловиштата или на патиштата и преку надлежните ветеринарни друштва да ги испратат на лабораториско испитување на туларемија, хеморагична болест кај зајаците и миксоматоза.

Трошоците за лабораториското испитување се на товар на Програмата за користење на средства за здравствена заштита на животните во 2023 година.

### 6.7 Ентеротоксемија кај овци и кози

Во текот на 2023 година заради подобрување на епидемиолошката состојба со болеста ентеротоксемија и намалување на економските штети кај овците и козите треба да се изврши вакцинација на сите овци и кози против ентеротоксемија. Вакцинацијата против ентеротоксемија треба да се спроведе во период од 22 февруари до 1 декември 2023 година.

Надлежното ветеринарно друштво треба да изврши ажурирање на бројната состојба на животните и да ги внесе податоците во ИСАХВ.

Трошоците за вакцинација се на товар на одгледувачот на животните. Податоците за извршената вакцинација треба да се внесат во ИСАХВ во рок од два работни дена.

## 7. ЗАРАЗНИ БОЛЕСТИ КАЈ АКВАКУЛТУРАТА И РИБОЛОВНИ ВОДИ

### 7.1 Болести кај пастрмките вирусна хеморагична септикемија (ВХС) и инфективна хематопоетска некроза (ИХН)

Во текот на 2023 година сите одгледувалишта за животни од аквакултура треба да воведат биосигурносни мерки со цел намалување на ризикот и заштита од влез и ширење на патогени причинители. Во сите одгледувалишта за животни од аквакултура треба да се изврши официјална контрола еднаш годишно. Во одгледувалишта за животни од аквакултура каде не е потврдено присуство на ВХС/ИХН се земаат примероци од рибите во објектите за производство и промет на аквакултура. Начинот на земање и бројот на примероци за испитување на ВХС/ИХН треба да се вршат на начин утврден согласно член 20 став (1) алинеја 5 од Законот за безбедност на храната, од официјален ветеринар во период од ноември до декември 2023 година.

Со официјалната контрола треба да се утврди зголемена смртност во одгледувалиштата на аквакултура и промени во здравствената состојба (промени на кожата, крварења, температура на водата, невообичаено однесување и сл.).

Трошоците за земањето примероци и дијагностичките испитувања за ВХС/ИХН во целост се на товар на Програмата за користење на средства за здравствена заштита на животните во 2023 година.

### 7.2 Кои херпес вирус кај крап (КХВ)

Во текот на 2023 година сите одгледувалишта за животни од аквакултура треба да воведат биосигурносни мерки со цел намалување на ризикот и заштита од влез и ширење на патогени причинители и да се изврши официјална контрола и земање на примероци од рибите во објектите за производство и промет на аквакултура. Начинот на земање и бројот на примероци за испитување на КХВ треба да се вршат на начин утврден согласно член 20 став (1) алинеја 5 од Законот за безбедност на храната, од официјален ветеринар во период од мај до септември.

Со официјалната контрола треба да се утврди зголемена смртност во одгледувалиштата на аквакултура и промени во здравствената состојба (промени на кожата, крварења, температура на водата, невообичаено однесување и сл.).

Трошоците за земањето примероци и дијагностичките испитувања за КХВ во целост се на товар на Програмата за користење на средства за здравствена заштита на животните во 2023 година.

### 7.3 Останати болести кај рибите

Во текот на 2023 година заради контрола и надзор на заразната некроза на панкреасот кај пастрмките треба да се изврши лабораториско испитување на подмладокот во јуни, а на матичното јато во декември.

Заради контрола и надзор на бактериски нефритис кај пастрмките и гиродактилоза (Gyrodactylus salaris) треба да се изврши лабораториско испитување во пролет и есен.

Заради контрола и надзор на пролетната виремија кај крапот, треба да се врши лабораториско испитување. Редовно испитување еднаш годишно во рана пролет, треба да се врши во одгледувалишта кои произведуваат конзумна риба, рибен подмладок, како и кај одгледувалишта на крап одгледуван во кафези/мрежи.

Доколку одгледувачите не извршат земање на примероци од одгледувалишта на аквакутура, овие активности ќе ги спроведат официјалните ветеринари.

Трошоците за земањето примероци и дијагностичките испитувања на болестите заразната некроза на панкреасот кај пастрмките, бактериски нефритис кај пастрмките, гиродактилоза и пролетната виремија на крапот во целост се на товар на одгледувачите.

### 7.4 Надзор кај риби во риболовни води

Во текот на 2023 година заради утврдување на епидемиолошка состојба кај животните од аквакултура треба да се спроведе надзор кај рибите во риболовни води кој вклучува пријава на сомнеж за појава на клинички знаци на присуство на болест, спроведување на клинички преглед на рибите и земање на примероци за дијагностичко испитување.

Лицата кои стопанисуваат со риболовните води, членови на риболовни здруженија и/или службени лица кои спроведуваат контроли, треба да ги пријават до официјалниот ветеринар сите случаи на клинички знаци на присуство на болест или зголемена смртност.

Земањето на примероците и лабораториската дијагностика се врши на начин утврден согласно член 20 став (1) алинеја 5 од Законот за безбедност на храната.

Земањето на примероците и лабораториската дијагностика во целост се на товар на Програмата за користење на средства за здравствена заштита на животните во 2023 година.

Член 2

**Мониторинг на вектори**

Во текот на 2023 година треба да се спроведува ентомолошки мониторинг на присуство, динамика на појавување, географска распространетост, анализа на собраните вектори-инсекти (куликоиди) и вирусолошко испитување за присуство на вирусот на син јазик во популацијата на векторите од родот Culicoides. Мониторингот се спроведува од страна на надлежните ветеринарните друштва и лабораторијата од членот 8 од оваа наредба, на начин утврден согласно член 20 став (1) алинеја 5 од Законот за безбедност на храната. Ветеринарните друштва треба да земаат примероци од заловени вектори-инсекти и тоа во периодот од април до октомври (активна сезона) два пати месечно, на секои 14 дена, додека во февруари, март, ноември и декември (неактивна сезона) еднаш месечно.

Во зависност од епидемиолошката состојба ќе се спроведе и мониторинг на комарците-вектори на вирусот на западно нилска треска. Мониторингот ќе вклучува утврдување на присуството на вирусот во комарците-вектори. Поставувањето на мамците ќе се спроведе два пати месечно на секои 14 дена во период од јуни до септември.

Трошоците за спроведување на активностите од ставовите 1 и 2 на овој член се целосно на товар на Програмата за користење на средства за здравствена заштита на животните во 2023 година. Податоците за земените примероци треба да се внесат во ИСАХВ во рок од два работни дена.

Член 3

**Биосигурносни мерки**

Во текот на 2023 година со цел постигнување на повисок степен на здравствена заштита на животните и луѓето, како и заштита на животната средина, надлежните ветеринарни друштва, официјалните ветеринари, одгледувачите, ловечките друштва, концесионерите на ловиштата,Националните паркови и концесионерите на риболовни води треба да спроведат соодветни биосигурносни мерки.

**3.1 Биосигурносни мерки на одгледувалишта на животни**

Во текот на 2023 година при секој влез и излез во и од одгледувалиште на животни треба да се применуваат биосигурносни мерки што вклучува:

- користење на заштитна облека и обувки и
- чистење и дезинфекција или нештетно отстранување на употребената опрема, обувки и облека.

Во случај на појава на болести кои треба да се пријавуваат, дезинфекција, дезинсекција и дератизација (ДДД) се врши од овластените ветеринарни друштва по наредба на надлежниот официјален ветеринар, а врз основа на решение за прогласување на болест кај животните на територијата на државата донесено од директорот на Агенцијата согласно член 52-а од Законот за ветеринарно здравство.

Трошоците за спроведување на ДДД кај болести кои треба да се пријавуваат се целосно на товар на Програмата за користење на средства за здравствена заштита на животните во 2023 година, освен доколку се утврди дека одгледувачот не ги почитувал прописите од областа на ветеринарното здравство во кој случај, одгледувачот може да ги сноси трошоците и до 100%.

При спроведување на ветеринарните активности, за секое животно треба да се користи стерилна игла.

## 3.2 Биосигурносни мерки во одгледувалишта за свињи

Во текот на 2023 година заради спречување на внесување и ширење на заразни и паразитски болести кај свињите, одгледувачите на свињи треба да ги воведат и одржуваат најмалку следните биосигурносни мерки:

а) во комерцијалните одгледувалишта за свињи со повеќе од 51 маторица и/или 1001 свиња за тов:

- треба да поседуваат документирани постапки за биосигурносни мерки;
- свињите да се чуваат во затворен простор;
- одгледувалиштето треба да биде оградено (по можност со двојна ограда на испустот);
- може да се внесуваат само свињи кои потекнуваат од регистрирано одгледувалиште и кои се пропратени со сертификат за здравствена состојба, при што не треба да внесуваат свињи од одгледувалишта кои при утврдување на ризик и категоризација на одгледувалишта на свињи се категоризирани со висок ризик, како и од одгледувалишта каде што воопшто не е утврден ризикот, односно не е спроведена категоризацијата;
- треба да спроведува редовно чистење, дезинфекција и дератизација на објектот, како и чистење и дезинфекција на возилата и за тоа да чуваат записи;
- треба да се воспостават и одржуваат дезинфекциони бариери за возила и луѓе на влезот во одгледувалиштето и дезинфекциони бариери за луѓе на влезот на секој објект во одгледувалиштето каде се чуваат животни;
- треба да водат евиденција за влез и излез на сите посетители и возила на одгледувалиштето;
- сите вработени и посетители треба при влез во одгледувалиштето да извршат дезинфекција на рацете и обувките;
- при секој влез во одгледувалиштето треба да се користи заштитна облека или посебна облека само за таа намена за време на престојот во објектот;
- треба да се обезбеди посебна просторија за гардероба со заштитна облека и санитарен јазол со простор/кабина за туширање и со опрема за перење на заштитната облека;
- не треба да се чуваат други видови на животни во одгледувалиштето каде што се чуваат свињи;
- треба да обезбедат изјави од вработените во одгледувалиштето дека не чуваат свињи во своите домови и дека не учествуваат во лов на диви свињи;
- одгледувачот треба да обезбеди нештетно отстранување на ѓубрето и отпадот од одгледувалиштето со што ќе се оневозможи ширење на болести на одгледувалиштето;
- не треба да се внесува храна за лична употреба од лицата кои работат на одгледувалиштето;
- да не ги хранат свињите со кујнски отпад (помија);
- лицата кои работат на одгледувалиштето не треба да внесуваат или изнесуваат прибор и/или опрема во и од одгледувалиштето и
- треба да се води и редовно ажурира евиденција за сите промени на одгледувалиштето и да ги спроведуваат редовните годишни пописи согласно Законот за идентификација и регистрација на животните;

б) во комерцијалните одгледувалишта за свињи со една до 50 маторици и/или од 11 до 1000 свињи за тов:

- свињите треба да се чуваат во затворен простор;
- одгледувалиштето треба да биде оградено (по можност со двојна ограда) и свињите да не се изнесуваат на испаша;

- во одгледувалиштето може да се внесуваат само свињи кои потекнуваат од регистрирано одгледувалиште и кои се пропратени со сертификат за здравствена состојба, при што не треба да внесуваат свињи од одгледувалишта кои при утврдување на ризик и категоризација на одгледувалишта на свињи се категоризирани со висок ризик, како и од одгледувалишта каде што воопшто не е утврден ризикот, односно не е спроведена категоризацијата;
- треба да се спроведува редовно чистење, дезинфекција и дератизација на објектот и чистење и дезинфекција возилата и за тоа да чуваат записи;
- треба да се воспостават и одржуваат дезинфекциона бариера за луѓе на влезот во одгледувалиштето каде се чуваат свињите;
- сите вработени и посетители треба при влез во одгледувалиштето да извршат дезинфекција на рацете и обувките;
- при секој влез во одгледувалиштето треба да се користи заштитна облека или посебна облека само за таа намена за време на престојот во одгледувалиштето;
- одгледувачот треба да обезбеди нештетно отстранување на ѓубрето и отпадот од одгледувалиштето со што ќе се оневозможи ширење на болестите на одгледувалиштето;
- не треба да се чуваат други видови на животни во одгледувалиштата каде што се чуваат свињи;
- треба да обезбедат изјави од вработените во одгледувалиштето дека не чуваат свињи во своите домови и не учествуваат во лов на диви свињи;
- не треба да се внесува храна за лична употреба од лицата кои работат на одгледувалиштето;
- да не ги хранат свињите со кујнски отпад (помија);
- лицата кои работат на одгледувалиштето не треба да внесуваат или изнесуваат прибор и/или опрема во и од одгледувалиштето и
- треба да се води евиденција за сите движења на одгледувалиштето и да ги спроведуваат редовните годишни пописи согласно Законот за идентификација и регистрација на животните и Правилникот за идентификација и регистрација на животите од видот свињи (*);

в) во одгледувалишта на свињи чувани за сопствени потреби без маторици кои имаат од 1 до 10 свињи за тов:

- свињите треба да се чуваат во затворен простор;
- одгледувалиштето треба да биде оградено и свињите да не се изнесуваат на испаша;
- во одгледувалиштата може да се внесуваат само свињи кои потекнуваат од регистрирано одгледувалиште и кои се пропратени со сертификат за здравствена состојба, при што не треба да се внесуваат свињи од одгледувалишта кои при утврдување на ризик и категоризација на одгледувалишта на свињи се категоризирани со висок ризик, како и од одгледувалишта каде воопшто не е утврден ризикот, односно не е спроведена категоризацијата;
- одгледувачот треба да спроведува редовно чистење, дезинфекција и дератизација на објектот, како и чистење и дезинфекција на возилата и за тоа да се чуваат записи;
- треба да се воспостават и одржуваат дезинфекциона бариера за луѓе на влезот во одгледувалиштето каде се чуваат свињите;
- одгледувачот треба да го ограничи влезот на луѓе и возила и да обезбеди прописно одлагање на ѓубрето и отпадот од одгледувалиштето;
- при секој влез на одгледувалиштето да користат заштитна облека или посебна облека само за таа намена за време на престојот во објектот;
- одгледувачот и посетителите при влез во одгледувалиштето да извршат дезинфекција на рацете и обувките;

- одгледувачот треба да обезбеди нештетно отстранување на ѓубрето и отпадот од одгледувалиштето со што ќе се оневозможи ширење на болести на одгледувалиштето;

- да не ги хранат свињите со кујнски отпад (помија) и

- треба да водат тековна евиденција за сите промени на одгледувалиштето и да ги спроведуваат редовните годишни пописи.

Во новорегистрираните одгледувалишта на свињи и во одгледувалиштата кои претходно не биле категоризирани, категоризацијата ќе ја вршат овластените ветеринарни друштва по барање на одгледувачот. Трошоците за категоризација за утврдување на ризик по однос на биосигурностите мерки се на товар на одгледувачот.

## 3.3 Биосигурноси мерки на ловишта

Во текот на 2023 година ловечките друштва, концесионерите на ловиштата и Националните паркови кои се во контакт и ракуваат со трупови од диви свињи треба да ги воведат и спроведуват најмалку следните биосигурносни мерки на ловиштата:

- објект/простор за расекување, обработка, евисцерација и складирање на обработените трупови од дивеч треба да бидат достапни за секое ловиште или група на ловишта. Објектот/просторот каде што се врши расекување, обработка, евисцерација и складирање на обработените трупови, треба да биде заштитен од неовластен пристап на лица и животни, снабден со вода, опрема за дезинфекција, ладилник и опрема за собирање отпад. Во случај кога на ловиштето не е определено место за расекување, обработка, евисцерација и складирање на обработените трупови од дивеч тогаш треба да се користи објектот/просторот на соседното/најблиското ловиште кое има определено место за расекување, обработка, евисцерација и складирање на обработените трупови дивеч;

- застреланите животни треба да останат во објектот/просториите на ловиштето сè додека не се добие резултат од извршеното лабораториско испитување. За да се обезбеди следливост, труповите треба индивидуално да се обележат;

- внатрешните органи од застреланите животни не треба да се отстрануваат на местото на застрелување. Застреланите животни треба да се обработат во објектите/просториите за расекување, обработка, евисцерација и складирање на обработените трупови;

- по расекувањето, обработката, евисцерацијата и складирањето на обработените трупови, просторот, опремата и транспортните средства треба да се исчистат и дезинфицираат со одобрени средства за дезинфекција и

- отпадоците од животните при расекувањето, обработката, евисцерацијата и складирањето на обработените труповите треба да се соберат и преработат во согласност со Законот за нуспроизводи од животинско потекло.

Концесионерите на ловишта треба еднаш неделно да вршат пребарување на ловиштата за пронаоѓање на угинати диви свињи.

Доколку се пронајде труп од угинато диво животно:

- треба веднаш да се пријави до официјалниот ветеринарен инспектор или надлежното ветеринарно друштво;

- трупот треба нештетно да се отстрани со закопување на лице место или да се стави во кеса за еднократна употреба или друго помошно средство за транспорт на начин да се спречи истекување на отпад и телесни течности и да се пренесе до најблиското место назначено за таа намена. Објектот/просторот кој е назначен за отстранување на трупови од угинати диви свињи треба да биде заграден;

- по земањето на примероци и отстранувањето на трупот, треба да се изврши дезинфекција на место каде што е пронајден трупот;

- доколку се користи облека за еднократна употреба истата треба нештетно да се отстрани;

- доколку се користи облека и обувки за повеќекратна употреба истите треба темелно да се исчистат и дезинфицираат и
- опремата, оружјето и средствата за транспорт треба темелно да се исчистат и дезинфицираат.

Член 4

**Пријавување на болести кај животните**

Во текот на 2023 година со цел навремено известување и ажурирање на податоците за појава на болести кај животните до Светската организација за здравствена заштита на животите (WOAH), како и во Системот за пријава на болести на Европската комисија (ADIS), потребно е навремено пријавување на постоење на сомнеж на болест кај животните до Агенцијата.

Трошоците за земање и дијагностичко испитување на примероци земени во случај на сомнеж во целост се на товар на Програмата за користење на средства за здравствена заштита на животните во 2023 година. Податоците за земените примероци треба да се внесат во ИСАХВ во рок од два работни дена.

**4.1 Пасивен надзор кај копнени животни**

Во текот на 2023 година одгледувачите на домашни и диви животни треба да пријават зголемена смртност (повисока од технолошката) или појава на клинички симптоми пропишани во прописите од областа на ветеринарото здравство за болестите од член 49 став (2) точки а) и б) од Законот за ветеринарно здравство, а особено за опасни заразни болести од листата на Светската организација за здравствена заштита на животите (WOAH). Од животните или труповите од угинатите животни, кај кои се утврдени клинички знаци или промени кои укажуваат на некоја одредена болест од член 49 став (2) точки а) и б) од Законот за ветеринарно здравство, се земаат примероци само доколку е поставен сомнеж од доктор по ветеринарна медицина од надлежно ветеринарно друштво и/или официјален ветеринар.

Од сите угинати животни на одгледувалиште за кои не може да се утврди причината за смртта и кои покажуваат абнормално однесување (нервни симптоми) треба да се земат примероци за дијагностичко испитување на беснило и трасмисивни спонгиоформни енцефалопатии (ТСЕ) согласно старосните категории од член 1 точка 6 потточка 6.1 на оваа наредба.

Секој случај на абортус одгледувачот треба да го пријави до надлежното ветеринарно друштво, кое треба да земе примероци за дијагностичко испитување од следните видови животни и за следните болести земајќи ги во предвид клиничката слика и епидемиолошката состојба:

1) копитари: лептоспироза, листериоза и хламидиоза;

2) говеда: бруцелоза, лептоспироза, Q-грозница, листериоза, хламидиоза, салмонелоза, токсоплазмоза, ИБР, БВД и болест на чвореста кожа;

3) овци/кози: бруцелоза, лептоспироза, Q-грозница, листериоза, хламидиоза, салмонелоза и токсоплазмоза и

4) свињи: класична чума кај свињите, африканска чума кај свињите, бруцелоза, аујецки болест.

Од сите животни или трупови кај кои се утврдени клинички знаци или промени кои укажуваат на некоја од болестите од член 49 став (2) точка а) и б) од Законот за ветеринарно здравство, утврдени при ante-mortem односно post-mortem преглед во кланица, треба да се земат примероци за дијагностичко испитување за потврдување

односно отфрлање на сомнежот. Пријава на сомнеж се врши со користење на образецот од Прилог 4 од Правилникот за начинот и постапката за пријавување на болестите кои задолжително се пријавуваат и листа на болести кај животните кои задолжително се пријавуваат (*).

Пакувањето и транспортот на примероците во лабораторија треба да се врши на начин како што се постапува со инфективен материјал.

Трошоците за земање и дијагностичко испитување примероци земени во случај на сомнеж во целост се на товар на Програмата за користење на средства за здравствена заштита на животните во 2023 година.

**4.2 Пасивен надзор кај аквакултура**

Во текот на 2023 година заради утврдување на здравствениот статус во објектите за производство на аквакултура, како и за унапредување на нивото на здравствена заштита на аквакултурата, одгледувачите на аквакултура треба редовно да ја пријавуваат зголемената смртност на своето одгледувалиште до надлежното ветеринарно друштво или до официјалениот ветеринар.

Зголемена смртност се пријавува доколку надминува кумулативна смртност од 0,5% неделно.

Од животните од аквакултура или од угинати животни од аквакултура кај кои се утврдени клинички знаци или промени кои укажуваат на некоја од болестите од член 49 став (2) точки а) и б) од Законот за ветеринарно здравство, се земаат примероци само доколку е поставен сомнеж од доктор по ветеринарна медицина од надлежно ветеринарно друштво и/или официјален ветеринар.

Трошоците за земање и дијагностичко испитување примероци земени во случај на сомнеж во целост се на товар на Програмата за користење на средства за здравствена заштита на животните во 2023 година.

Член 5

**Идентификација и регистрација на животните**

Во текот на 2023 година заради контрола на движењето и здравствената состојба на животните во 2023 година треба да се продолжи со спроведување на одредбите од Законот за идентификација и регистрација на животните, за видовите на говеда, овци и кози, свињи, копитари, пчели, живина, риби и домашните миленици.

При спроведување на мерките од оваа наредба, вклучувајќи ги и земањето примероци за лабораториско испитување, вакцинаци и клинички прегледи на одгледувалишта, ветеринарното друштво треба да ја ажурира бројната состојба на следните видови животни на одгледувалиштето: говеда, овци и кози, свињи, копитари, пчели, риби, домашни миленици и работни/овчарски кучиња во регистрите на одгледувалишта и податоците да ги внесе во ИСАХВ во рок од два работни дена.

Контролите на лице место (он-спот контролите), кои треба да опфатат најмалку 3% од регистрираните одгледувалишта во ИСАХВ, треба да се спроведат најдоцна 30 дена по спроведување на активностите за здравствена заштита на животните (земање на примероци, вакцинација, туберкулинизација, клинички прегледи и сл.).Податоците треба да се внесат во ИСАХВ во рок од два работни дена.

Ажурирањето од ставот 2 на овој член треба да ги содржи следните податоци:

- вкупен број на животни во одгледувалиштето по видови;
- вкупен број на обележани и регистрирани животни и
- вкупен број на делумно обележани и необележани животни.

Член 6

**Движење на животни**

Во текот на 2023 година надлежното ветеринарното друштво треба да издава сертификат за здравствена состојба на животните само доколку во него е наведено РБО-то на крајната дестинација. Доколку купувачот во моментот на купопродажба нема РБО, треба да се внесе матичниот број на купувачот, а официјалниот ветеринар на купувачот ќе му наложи да се регистрира како одгледувач на животни во рок од 48 часа. По регистрацијата на новиот одгледувач треба да му се додели РБО и да се внесат животните. Ветеринарното друштво кое го издава сертификатот за здравствена состојба на животните треба да го извести официјалниот ветеринар за сите вакви случаи.

Движењето на живи животни од видот свињи треба да се врши само согласно дадената шема во Прилог 7 кој е составен дел на оваа наредба.

Движењата на живи животни од аквакултура може да се врши само доколку тие потекнуваат од одобрено одгледувалиште за животни од аквакултура и се пропратени со сертификат за здравствена состојба. Од неодобрено одгледувалиште на аквакултура може да се врши единствено движење на свежи риби наменети за употреба согласно одредбите од член 50 од Законот за безбедност на храната.

За сите утврдени неправилности надлежното ветеринарно друштво треба да го извести официјалниот ветеринар.

Член 7

**Спроведување на мерки за заштита и благосостојба на животните**

Во период од март-јуни 2023 година општините, општините во град Скопје и градот Скопје треба да спроведат проценка на популација на бездомните кучиња.

До крајот на декември 2023 година општините, општините во градот Скопје и градот Скопје треба да вршат заловување на бездомните кучиња согласно план и програма за контрола на популација на бездомни кучиња, одобрени од Агенцијата врз основа на проценката на популација на бездомните кучиња.

Член 8

**Институција која го врши лабораториското испитување**

Во текот на 2023 година лабораториските испитувања предвидени со оваа наредба ги извршува национална референтна лабораторија која за спроведување на лабораториски испитувања за наведените активности има склучено договор со Агенцијата и ги исполнува условите за вршење на дејноста пропишани со Законот за ветеринарно здравство.

Член 9

**Субјекти кои ги спроведуваат мерките согласно оваа наредба**

Мерките од член 1 точка 1, точка 2, точка 3 потточки 3.3 и 3.4, точка 4, точка 5, точка 6 потточки 6.1, 6.2, 6.3, 6.5, 6.6 и 6.7, членови 2, 4, 5 и 6 од оваа наредба ги извршуваат ветеринарните друштва кои согласно член 41 и 41-а од Законот за ветеринарно здравство имаат склучено договор за вршење на активности од јавен интерес од областа на здравствената заштита на животните. За извршување на мерките, се плаќа надоместок определен согласно Одлуката за висината на надоместоците за спроведување на активности од јавен интерес од областа на здравствена заштита на животните и Одлуката за висината на надоместоците за спроведување на системот за идентификација и регистрација на животните и висината на надоместокот за дополнителни официјални контроли.

Мерките од член 5 од оваа наредба и идентификацијата и регистрацијата на одгледувалиштата и животните заради здравствена заштита на животните, на сите одгледувалишта во населените места, ги извршуваат ветеринарните друштва на кои овие населени места им се распределени со јавниот повик објавен согласно член 40 од Законот за ветеринарно здравство, освен на одгледувалиштата кои имаат договор со друго ветеринарно друштво. За извршување на мерките, се плаќа надоместок определен согласно Одлуката за висината на надоместоците за спроведување на активности од јавен интерес од областа на здравствена заштита на животните и Одлуката за висината на надоместоците за спроведување на системот за идентификација и регистрација на животните и висината на надоместокот за дополнителни официјални контроли.

Мерките од ставовите 1 и 2 на овој член ветеринарните друштва треба да ги спроведат во предвидениот рок согласно оваа наредба. Доколку заради неоправдани причини ветеринарното друштво не ги спроведе активностите во утврдениот рок, ветеринарното друштво треба да ги спроведе активностите на сопствен трошок.

Мерките од член 1 точка 6 потточка 6.3 од оваа наредба ги извршува одгледувачот, општините, општините во градот Скопје и градот Скопје, а ги спроведуваат ветеринарните друштва кои имаат склучено договор со одгледувачот, општините, општините во градот Скопје и градот Скопје.

Мерките од член 1 точка 3.3, точка 6 потточка 6.5.1 и член 3 точка 3.3 од оваа наредба ги извршуваат и ловечките друштва, концесионерите на ловиштата и Националните паркови кои имаат склучено договор за земање на примероци од диви животни и птици заради контрола, сузбивање и искоренување на заразни болести во Република Северна Македонија.

Мерките од член 1 точка 1, точка 2, точка 3, точка 4 потточки 4.2 и 4.3, точка 5, точка 6 поттточки 6.1, 6.2, 6.3, 6.4, 6.5 и 6.6, точка 7, член 2, член 3 точките 3.1 и 3.2 и член 4 од оваа наредба ги спроведува и лабораторијата од членот 8 од оваа наредба со која Агенцијата има склучен договор за лабораториски услуги за здравствена заштита на животните.

Мерките од член 7 од оваа наредба треба да ги спроведат општините, општините во градот Скопје и градот Скопје во предвидениот рок.

Член 10

**Водење евиденција и известување за спроведените активности**

Во текот на 2023 година примероците кои ветеринарното друштво ги испраќа на лабораториско испитување треба да бидат означени и пропратени со писмо до лабораторија согласно методологијата на работа на ИСАХВ.

Примероците кои ловечките друштва, концесионерите на ловиштата и Националните паркови ги испраќаат на лабораториско испитување треба да бидат пропратени со записник од официјален ветеринар кој ќе ја потврди активноста и да бидат внесени во ИСАХВ во рок од два дена.

Лабораторијата од членот 8 од оваа наредба ги прима примероците за лабораториско испитување, само доколку истите се соодветно означени и води електронска евиденција за извршените лабораториски анализи. Лабораторијата ги доставува резултатите од извршените лабораториски испитувања до ИСАХВ, Агенцијата, официјалните ветеринари и ветеринарните друштва кои ги доставиле примероците, веднаш по електронска пошта, а доколку постои техничка можност, резултатите може да се доставуваат и по електронски пат авторизирани со електронски потпис.

За сите активности извршени согласно оваа наредба (вклучително и активностите кои во целост се на товар на одгледувачот), ветеринарното друштво треба на лице место да пополни и издаде Потврда за извршена активност согласно годишната наредба дадена во Прилог 2 кој е составен дел од оваа наредба во три примероци, по еден за одгледувачот на животните, официјалниот ветеринар и ветеринарното друштво.

Потврдата за извршена активност согласно годишната наредба од ставот 4 на овој член ја изготвува и издава Ветеринарната комора на Република Северна Македонија.

Доколку одгледувачот на животните од било кои причини одбие спроведување на некоја од мерките од оваа наредба во неговото одгледувалиште, ветеринарното друштво треба веднаш да го извести официјалниот ветеринар, писмено, со пополнување на Пријава за одбивање на извршување на наредени мерки дадена во Прилог 3 кој е составен дел од оваа наредба.

Говедата, овците, козите, свињите, копитарите, домашните миленици, пчеларниците и одгледувалиштата на живина и аквакултура кои подлежат на некоја од мерките пропишани со оваа наредба треба да бидат трајно идентификувани и регистрирани според Законот за идентификација и регистрација на животните.

Член 11

**Завршна одредба**

Оваа наредба влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 02 - 386/2
20 февруари 2023 година
Скопје

Агенција за храна и ветеринарство
в.д. Директор,
**Николче Бабовски,** с.р.

**Прилог 1**

**Преглед на населени места каде ќе се изврши превентивна вакцинација против Антракс кај овци/кози, говеда, копитари и свињи**

| Реден број | Година/станал дистрикт | Населено место | Епизоотиолошка единица | Година под контрола (до кога трае дистриктот) |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2003 | Забрчани | Прилеп | 2023 |
| 2 | 2003 | Бачиште | Зајас | 2023 |
| 3 | 2003 | Лешница | Зајас | 2023 |
| 4 | 2003 | Речани | Зајас | 2023 |
| 5 | 2003 | Грешница | Зајас | 2023 |
| 6 | 2003 | Горно Барбарево | Пробиштип | 2023 |
| 7 | 2003 | Трипатанци | Пробиштип | 2023 |
| 8 | 2009 | Велес | Велес | 2029 |
| 9 | 2003 | Оризари | Велес | 2023 |
| 10 | 2015 | Раовиќ | Сарај | 2035 |
| 11 | 2019 | Долно Строгомиште | Зајас | 2039 |
| 12 | 2019 | Горно Строгомиште | Зајас | 2039 |

**Прилог 2**

**Потврда за извршена активност согласно годишната наредба во _______година**

**Податоци за одгледувалиштето**
Име и презиме_______________________________________________ РБО I_I_I_I_I_I_I_I_I

Адреса_____________________ Населено место___________________ Општина_____________________

Географски координати: X_____________________ У_________________________

**Број на животни во електронската база на податоци: овци ______; кози _______; говеда______; свињи______; копитари __________; кучиња ________; мачки____________; друго_________________.**

| **Болест** | **Активност** | **Датум** | **Број на животни** |
|---|---|---|---|
| ______________ | ______________________ | ______________________ | ____________________ |

**Забелешка:**

**Назив и печат на ветеринарното друштво** **Потпис и факсимил на овластеното лице**

**Потпис на одгледувачот** **Датум на издавање**

**Прилог 3**

**ПРИЈАВА бр**:___

за одбивање на извршување на наредени мерки

На ден ______________ 2023 година, ветеринарното друштво ______________________

______________________________________________________________________________ беше

одбиено од страна на одгледувачот ______________________________________________

со РБО __________________________.

од населено место ______________________________________________________________

адреса __________________________________________________________________________

епизоотиолошка единица _________________________________________________________

да се извршат наредените мерки ________________________________________________

_______________________________________________________, предвидени со Годишната наредба за здравствена заштита на животните во 2023 година.

Причините за одбивање се:

___________________________________________________________________________________

___________________________________________________________________________________

Забелешки:

___________________________________________________________________________

**Одговорно лице од надлежното ветеринарното друштво:**

___________________________________

(потпис)

**Прилог 4**

**Ознаки на општини**

| Реден број | Општина | Код |
|---|---|---|
| 1 | Аеродром | SAE |
| 2 | Арачиново | AR |
| 3 | Берово | BE |
| 4 | Битола | BT |
| 5 | Богданци | BO |
| 6 | Боговиње | BG |
| 7 | Босилово | BS |
| 8 | Брвеница | BR |
| 9 | Бутел | SBU |
| 10 | Валандово | VA |
| 11 | Василево | VL |
| 12 | Вевчани | VV |
| 13 | Велес | VE |
| 14 | Виница | VI |
| 15 | Врапчиште | VH |
| 16 | Гази Баба | SGB |
| 17 | Гевгелија | GE |
| 18 | Гостивар | GV |
| 19 | Градско | GR |
| 20 | Дебар | DB |
| 21 | Дебарца | DA |
| 22 | Делчево | DE |
| 23 | Демир Капија | DK |
| 24 | Демир Хисар | DH |
| 25 | Дојран | DO |
| 26 | Долнени | DE |
| 27 | Ѓорче Петров | SGP |

| | | |
|---|---|---|
| **28** | Желино | ZE |
| **29** | Зелениково | ZK |
| **30** | Зрновци | ZR |
| **31** | Илинден | IL |
| **32** | Јегуновце | JG |
| **33** | Кавадарци | KA |
| **34** | Карбинци | KB |
| **35** | Карпош | SKX |
| **36** | Кисела Вода | SKV |
| **37** | Кичево | KI |
| **38** | Конче | KN |
| **39** | Кочани | OC |
| **40** | Кратово | KR |
| **41** | Крива Паланка | KP |
| **42** | Кривогаштани | KG |
| **43** | Крушево | KS |
| **44** | Куманово | KU |
| **45** | Липково | LI |
| **46** | Лозово | LO |
| **47** | Маврово и Ростуша | MR |
| **48** | Македонска Каменица | MK |
| **49** | Македонски Брод | MB |
| **50** | Могила | MG |
| **51** | Неготино | NE |
| **52** | Новаци | NV |
| **53** | Ново Село | NS |
| **54** | Охрид | OH |
| **55** | Петровец | PE |
| **56** | Пехчево | PH |
| **57** | Пласница | PN |
| **58** | Прилеп | PP |
| **59** | Пробиштип | PS |
| **60** | Радовиш | RA |
| **61** | Ранковце | RN |
| **62** | Ресен | RE |

| | | |
|---|---|---|
| **63** | Росоман | RM |
| **64** | Сарај | SSA |
| **65** | Свети Николе | SN |
| **66** | Сопиште | SO |
| **67** | Старо Нагоричане | SN |
| **68** | Струга | SU |
| **69** | Струмица | SR |
| **70** | Студеничани | ST |
| **71** | Теарце | TR |
| **72** | Тетово | TE |
| **73** | Центар | SCE |
| **74** | Центар Жупа | CZ |
| **75** | Чаир | SCH |
| **76** | Чашка | CA |
| **77** | Чешиново-Облешево | CO |
| **78** | Чучер-Сандево | CS |
| **79** | Штип | ST |
| **80** | Шуто Оризари | SSO |

**Прилог 5**

**Населени места каде ќе се врши вакцинација против бруцелоза каj овци и кози**

| **Реден број** | **Населено место** | **Општина** | **Регион** |
|---|---|---|---|
| 1. | Арачиново | Арачиново | СКОПСКИ |
| 2. | Алашевце | Липково | СЕВЕРОИСТОЧЕН |
| 3. | Висока Маала | Василево | ЈУГОИСТОЧЕН |
| 4. | Врбјани | Кривогаштани | ПЕЛАГОНИСКИ |
| 5. | Доброшинци | Василево | ЈУГОИСТОЧЕН |
| 6. | Здуње | Гостивар | ПОЛОШКИ |
| 7. | Ижиште | Македонски Брод | ЈУГОЗАПАДЕН |
| 8. | Корито | Гостивар | ПОЛОШКИ |
| 9. | Лажани | Долнени | ПЕЛАГОНИСКИ |
| 10. | Мало Мраморани | Долнени | ПЕЛАГОНИСКИ |
| 11. | Мало Коњари | Прилеп | ПЕЛАГОНИСКИ |
| 12. | Неготино-Полошко | Врапчиште | ПОЛОШКИ |
| 13. | Падалиште | Гостивар | ПОЛОШКИ |
| 14. | Рибница | Маврово и Ростуше | ПОЛОШКИ |
| 15. | Романовце | Куманово | СЕВЕРОИСТОЧЕН |
| 16. | Сопот | Куманово | СЕВЕРОИСТОЧЕН |
| 17. | Сретково | Маврово и Ростуше | ПОЛОШКИ |
| 18. | Топлица | Врапчиште | ПОЛОШКИ |
| 19. | Форино | Гостивар | ПОЛОШКИ |
| 20. | Чегране | Гостивар | ПОЛОШКИ |

**Прилог 6**

**Региони, општини и населени места во кои говедата ќе се прогласуваат за позитивни на основа на единечен интракутан туберкулински тест (ЕИТТ)**

| **Регион** | **Општина** | **Населено место** |
|---|---|---|
| **Полошки** | Тетово | Голема Речица |
| **Полошки** | Теарце | Нераште |

Прилог 8

Изјава за чување на куче кое е заболено од лајшманиоза

Јас, долупотпишаниот___________________________од _________________со живеалиште на адреса_______________________ЕМБГ__________________, под целосна материјална и кривична одговорност за моето куче со број на микрочип _________________ кое е позитивно на болеста лајшманиоза изјавувам дека:

1. Сум свесен за ризиците по здравјето на луѓето и животните кои произлегуваат од чување на кучето,
2. На моето куче редовно ќе му ја давам пропишаната терапија вклучително апплицирање на препарат кој делува на причинителот на лајшманиоза и редовно ќе го третирам против екто и ендо паразити согласно упатството на производителот и надлежниот доктор по ветеринарна медицина,
3. Ќе ја запазам благосостојбата на животното,
4. Ќе овозможам официјална контрола на барање на официјален ветеринар,
5. Кучето на секои четири месеци ќе го носам на ветеринарно-медицински преглед каде ќе се следи здравствената состојба со посебен фокус на физиолошките и лабораториските параметри на црниот дроб и општата здравствена состојба на животното,
6. Доколку кучето угине или му се влоши состојбата веднаш ќе го известам надлежниот доктор по ветеринарна медицина и
7. Доколку поради текот на болеста прогнозата е неповолна, лечењето е неуспешно или не е можно, кучето претрпува болка, страда и му е загрозена благосостојбата ќе дозволам да биде еутаназирано од страна на доктор по ветеринарна медицина.

Изјавил:

Датум:

Место: